**Член 8**

Основната главнина на Друштвото е паричен влог во износ од 5.000,00 Евра кој основачот не го вложува при основањето на Друштвото, а истиот ќе го внесе во Друштвото во рок една година од денот на објавување на уписот на Друштвото на ВЕБ страницата на Централниот регистар на Република Северна Македонија, согласно член 175 став 1 од Законот за трговски друштва.

**Член 9**

Со друштвото управува управител.
За вршење на функцијата управител на друштвото се именува лицето Димовски Марјан од Скопје, со адреса на живеење на [redacted], Скопје со ЕМБГ [redacted].
Управителот се именува на неопределено време, без ограничување во правниот промет.
Управителот го застапува и претставува друштвото.

**Член 10**

Основачот го основа друштвото и го вложува својот основачки влог заради остварување на добивка.
Приходите и расходите на друштвото се утврдуваат согласно позитивните норми и прописи.
Добивката се утврдува со периодична и годишна пртесметка, а добивката во смисла на оваа изјава е дел кој ќе преостане откако ќе се намират расходите и платите.
Обврската за покривање на загубата се намирува од трајниот влог на основачот.
Доколку главницата се намали под законскиот минимум, основачот е должен да ја надомести со нови вложувања во предмети или пари.

**Член 11**

Оваа изјава за основање на Друштвото може да се менува само со писмена одлука на единствениот содружник.

**Член 12**

Друштвото може да престане во следните случаеви:

1. Со истекот на рокот за кој е основано;
2. Со одлука на содружникот;
3. Со Ликвидација;
4. Со одлука на регистарскиот орган;
5. Со одлука за припојување со друго друштво, односно поделба;
6. Со спроведување на стечај;
7. Во други случаеви предвидени со закон.

**Член 13**

Сите измени на оваа изјава до кои би дошло во текот на работата на друштвото ќе се вршат согласно Законот за трговски друштва, а одлуките ги донесува основачот на друштвото.
Вработените во друштвото своите права ги остваруваат согласно законот и колективниот договор. Со други акти на друштвото ќе се утврдат обврските и правата од работниот однос на вработените во друштвото.

**Член 14**

Оваа изјава влегува во сила со денот на нејзиното одобрување од надлежниот орган, а ќе се применува по завршувањето на постапката за упис на друштвото во трговскиот регистар.

Основач - Содружник

Кратовски Димитар